## ДЕФИНИЦИЈА НА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО

(Дефиниција за семејно насилство
КЗ на РМ, чл.122 ст.17)

Под семејно насилство се подразбира малтретирање, грубо навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психичко или физичко насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв спрема брачен другар, родители или деца или други лица што живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема поранешен брачен другар или лица што се наоѓаат во блиски лични односи.

## ВИДОВИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО:

**Психичко насилство:**
Контрола, изолација, љубомора и емоционални страдања на жената, состојба што жените ги навредува, доминација на мажот во семејството, неговиот збор треба да биде последен, заплашување, заканување дека ќе ја повреди неа или блиски луѓе, спречување да работи надвор од домот, омаловажување или понижување пред другите, барање дозвола да побара здравствена заштита , инсистира да знае каде е и со кого цело време.

**Физичко насилство е дефинирано како:**
Употреба на физичка сила или пак, закана дека истата ќе биде употребена врз жената од страна на нејзиниот брачен (сегашен или поранешен) сопруг или вонбачен партнер или од друг полнолетен член од нејзиното домакинство.

**Сексуално насилство е дефинирано низ неколку конкретни однесувања:**
Силување, несакан сексуален однос, понижувачки сексуален однос, присила на гледање на порнографски филмови и подведување.

*„**16 дена** активизам против насилството врз жените и семејното насилство“ е Меѓународна кампања која започнува 25 ноември и завршува на 10 декември со Меѓународниот ден на Човековите права , со што симболично се истакнува дека насилството врз жените е кршење на човекови права.*

CIVICA mobilitas

ANTICO

Женска граѓанска иницијатива **„АНТИКО”**
*www.antiko.org.mk*
e-mail: *contact@antiko.org.mk ;antico@t-home.mk*

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

Центар за
ИНСИТУЦИОНАЛЕН
РАЗВОЈ - ЦИРа

*Оваа публикација беше овозможена во рамките на програмата CIVICA Mobilitas . Имплементирана од ЦИРа и финансиски поддржана од SDC.*

*Овде наведените мислења се мислењата на авторот/ите и нужно не ги рефлектираат мислењата на ЦИРа и SDC.*

*16 дена активизам*
*против насилството врз жените и семејното насилство*
**25.11. - 10.12**



# НЕ СЕ ДВОУМИ! ПРИЈАВИ ГО НАСИЛНИКОТ!

Бори се против насилството врз жените и децата

## ПОВИК ДО:

## Сите млади момчиња и девојки да се приклучат во борбата против насилството врз жените

Почитувани млади и напредни сили на Р. Македонија , Ве повикуваме сите вас, - највиталниот дел на нашето општество. Вие во кои веруваме дека знаете, умеете и поседувате силина и моќ да внесете позитивни промени. Вие кои сте храбри, хумани, современи. Сите вие кои не трпите неправди и не дозволувате некој да дискриминира, малтретира и го загрозува интегритетот и достоинството на луѓето.

Подигнете го гласот и речете НЕ на насилството врз жените и семејното насилство. Заштите илјадници мајки , сестри девојки и сопруги . Борете се против корените на насилствата кои лежат во патриархалните односи, произлегуваат родовите предрасуди и стереотипи:

Родовата рамноправност е едиствена вредност кој ја елиминира дискриминацијата во домот а потоа и во општеството. Гарантира благосостојба, мир и здрави односи во домот, заедницата и одрджлив развој и мир во светот.

Насилството не е проблем само на жените-тоа е општествен проблем. Не дозволувајте. илјадници жени, мајки, сестри, девојки ,соприги да бидат сами во нивната борба за достоинствен живот без насилство. Да дадеме придонес децата да не растат во семејства каде е присутно насилството. Тие заслужуваат да живееат мирно и да не научат да бидат (потенцијални ) насилници.

Затоа, информирај се ! Размисли , одлучи , придружи се, делувај .... ти си тој/таа кој/која може да даде нова содржина и придонес за елиминирањето на родовото и семејнотото насилство.

**ЗА НАСИЛСТВОТО НЕМА ОПРАВДУВАЊЕ!**

**ПОДИГНИ ГО ГЛАСОТ !**

**БОРИ СЕ ПРОТИВ МИТОВИТЕ !**

## ФАКТИТЕ УКАЖУВААТ :

**Мит:** Жртвата го предизвикува насилството !

**ФАКТ:**Насилството го предизвикува злоставувачот. Тој е одговорен за своите постапки

**Мит:**Насилството во семејството и меѓу партнерите е нивна приватна работа

**ФАКТ:**Насилството во семејството е сериозен општествен проблем

**Мит:** Ако жртвата го напушти злоставувачот, насилството ќе престане

**ФАКТ:** Повеќето жртви се во поголема опасност откако ќе го напуштат злоставувачот

**Мит:** Зачестеноста на семејното насилство е претерано нагласена, тоа и не е толку голем проблем !

**ФАКТ:** Статистичките показатели и последиците на семејното насилство укажуваат дека е многу значаен и тежок општествен проблем

**Мит:** Жените се исто насилни како и мажите !

**ФАКТ:** Мажите се значително почести сторители на насилство во семејството( 95%жртвите се жени)

**Мит:** Физичкиот напад од мажот врз партнерката е изолиран настан и веројатноста за повторување е мала!

**ФАКТ:** Физичкото насилство е дел од сложениот образец на моќ и контрола во партнерскиот однос

**Мит:** Мажот кој само се заканува со физички напад, не е злоставувач

**ФАКТ:** Заканите претставуваат специфичен облик на злоставување !

**Мит:** На децата им е потребен таткото иако е насилен кон нивната мајка. Жената за доброто на своите деца треба да трпи и остане со партнерот

**ФАКТ:** Децата кои растат во такво семејство, учат да бидат насилници.

**Мит:** Љубовта не исклучува насилство

**ФАКТ** :Насилството и лубовта не одат заедно !

БОРИ СЕ ПРОТИВ НАСИЛСТВОТО! ЗА СЕБЕ, ДЕЦАТА, РОДНИНИТЕ , ПРИЈАТЕЛИТЕ, СОСЕДИТЕ! ВО ИМЕ НА НАПРЕДОКОТ И ОДРЖЛИВИОТ МИР ВО ЛОКАЛНИ И ГЛОБАЛНИ РАМКИ.

## РОДОВО И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Насилството врз жените е криминален акт, облик на прекршување на основновното човеково право за живот, достоинство и телесен интегритет.

Насилството спрема жените е израз на вековната нерамноправна положба помеѓу мажите и жените односно израз на нееднаквата поделба на моќта. Таа е присутна во сите развојни фази на општеството. Корените на родовото насилство лежат длабоко во структурите на општествата.Постоечките патриархални вредности произведуваат предрасуди и стреотипи кои ја„хранат„ и ‚одржуваат„ родовото насилството и даваат придонес жената да биде во подискриминирана положба во однос на мажот.

Како последица на постоечките родови улоги и односи се јавува и насилството над жените во сите нејзини форми – физичко, психичко , сексуално, економско, итн.

### СТАТИСТИКИТЕ УКАЖУВААТ И ПРЕДУПРЕДУВААТ !

Според светските и домашните статистики најголеми жртви на насилствата се жените и децата. Во Р. Македонија, сите 3 вида на семејно насилство врз жените се широко распространети на нашите простори. Секоја 2-ра жена е жртва на психолошко насилство. Секоја 6-та жена го претрпела физичкото насилство додека секоја 10-та го искусила сексуалното насилство. (Истражување„ Живод во сенка „ -ЕСЕ)

Насилството е злоупотреба на моќта .Често пати насилството за насилникот преставува инструмент за постигнување на посаканото однесување кај жртвата.Начин да се воспоств и контрола преку примена на сила, засташување и манипулирање.

Насилството над жените и децата најповеке е присутно во семејството, каде според логигата на нештата семејната заедница би требало да биде најсигурно место за неговите членови. Но за жал во повеќе случаи тоа не е така.